Х. Е. Р. А.

An Associate Member of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

Преку избор до свет со можности

Сексуални права: Декларација на МФПР

(МЕЃНАРОДНА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИРАНО РОДИТЕЛСТВО)

FED_SRIDeclaration_EN_ART_lekturiran tekst.indd 1 12.06.2009 12:56:22

Кои сме ние

Меѓународна федерација за планирано родителство – МФПР (International Planned Parenthood Federation) е глобален обезбедувач на услуги и лидер во застапувањето за сексуално и репродуктивно здравје и права за сите. Ние сме светско движење на национални организации кои работат и со заедниците и со поединците. Ние работиме за изградба на свет во кој жените, мажите и младите луѓе насекаде ќе имаат контрола врз своите тела, а со тоа и врз своите судбини. Свет во кој тие можат слободно да изберат да бидат или да не бидат родители, свет во кој ќе бидат слободни да решаваат колку деца сакаат да имаат и кога, слободни да уживаат во здрав сексуален живот без страв од несакана бременост и од сексуално преносливи болести, вклучувајќи и ХИВ. Свет во кој родот или сексуалноста веќе не претставуваат извор на нееднаквост или стигма. Ние нема да отстапиме од целта да сториме сé што можеме за да ги заштитиме овие важни можности за избор и овие права за денешните и за идните генерации.

FED_SRIDeclaration_EN_ART_lekturiran tekst.indd 2 12.06.2009 12:56:28

Содржина

Вовед	i
Историја	ii
Предговор	iv
Сексуални права: Декларација на МФПР	**ix**
Преамбула	10
Основни начела	**12**
Сексуалните права се човекови права во однос на сексуалноста	**16**
Библиографија и забелешки	**22**

FED_SRIDeclaration_EN_ART_lekturiran tekst.indd 3 12.06.2009 12:56:34

Предговор

Сексуалноста е природен и скапоцен аспект на животот, суштествен и фундаментален дел на нашата човечност. За да можат луѓето да го постигнат највисокиот можен стандард на здравје, прво мора да можат да прават избор за нивниот сексуален и репродуктивен живот; тие мораат да се чувствуваат сигурни и безбедни при изразувањето на сопствениот сексуален идентитет.

Денес дискриминацијата, стигмата, стравот и насилството претставуваат вистинска закана за многу луѓе. Овие закани и дејствија што ги предизвикуваат –од застрашувања до загрозувања на животот - спречуваат многу луѓе да ги уживаат основните сексуални права и здравјето. МФПР е посветена на постигнување на своите цели преку пристап којшто ги отелотворува начелата на универзалноста, меѓусебната поврзаност, меѓусебната зависност и неделивост на сите човекови права. Ние ќе сториме сè што можеме за да обезбедиме сексуалните права – човековите права – да се почитуваат преку нашето обезбедување на услуги и застапување, но и во пошироката јавна сфера.

Сексуални права – Декларацијата на МФПР претставува кулминација на повеќе од двегодишна работа ширум светот. Во подготовката на оваа публикација беа вклучени различни групи индивидуи: меѓународно признати експерти за сексуално и репродуктивно здравје, за човекови права, за право и јавно здравство, постари волонтери на МФПР, кои дадоа свој придонес со специфични регионални сознанија кои заедно претставуваат разнообразие од искуства и знаења, и тројца постари директори на секретаријатот на МФПР. Декларацијата се подготвуваше на регионални средби и настани кои се организираа во Федерацијата и се градеше врз основа на Повелбата за сексуални и репродуктивни права на МФПР. Иако веќе имаме напредок во остварувањето на Милениумските развојни цели и на целите од 1994 наведени во Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој (International Conference for Population and Development), има уште многу за доработување. Сексуалните права се дел од човековите права; тие се развојно множество од овластувања во врска со сексуалноста кои придонесуваат за слободата, еднаквоста и достоинството на сите луѓе, и тие не смеат да се игнорираат. Мораме да издржиме, мораме да бидеме бескомпромисни и упорни во нашите напори за намалување на стигмата и за подобрување на пристапот кон услугите, мораме да го рашириме признавањето на сексуалноста како позитивен аспект на човековиот живот. Маргинализираните групи, како што се младите луѓе, трансродовите лица, сексуалните работници, мажите кои имаат секс со мажи, луѓето кои се геј, лезбејките или бисексуалците, венчаните деца и девојчињата кои станале мајки, имаат голема потреба од нашата поддршка. Декларацијата се применува подеднакво и на девојчињата и на жените кои се ранливи или кои биле подложени на насилство родово-засновано, вклучувајќи ги и традиционалните норми, како што се гениталното осакатување или дискриминацијата кај жените по основ на претпочитање на мажите.

Сексуални права: Декларацијата на МФПР претставува задолжителен инструмент за сите организации, активисти, истражувачи, за луѓе кои донесуваат одлуки и креираат политики и работат на промоција и обезбедување на човековите права. Декларацијата ќе им овозможи на припадниците на заедниците за сексуално и репродуктивно здравје и човекови права да создадат промени и да го надградат она што е веќе започнато во однос на сексуалните права во периодот на подготовката на следната Меѓународна конференција за население и развој во 2015 година.

Премногу често оспорувани и долго време запоставувани сексуалните права го заслужуваат нашето внимание и приоритет. Време е да ги почитуваме. Време е да се бориме за нив.

Веруваме дека Декларацијата ќе ви послужи на патот што е пред вас.

Жаклин Шарп, Претседател на МФПР

„Животот треба да се слави во секој негов дел, затоа ја славиме сексуалноста“

Волонтер на Х.Е.Р.А., Годишно Собрание 2009

Сексуалноста кај нас секогаш наоѓала посреден начин да биде пројавена, одбележена и остварена во секојдневниот живот, од народното творештво, па се до денешните современи форми на популарната култура. Сепак, непосредното повикување денес се уште предизвикува чувство на несоодветност, вулгарност, непријатност, срам и тоа и кај говорникот и кај соговорникот. Вообичаено кога се мисли за сексуалноста поедноставно е да се разговара за репродукцијата, односно само биолошките аспекти на сексуалноста, при што се занемаруваат психолошките и социјалните аспекти. Исто така во секојдневниот јавен говор, во рамки на здравствената заштита и грижа, во училишните образовни програми и во законите, сексуалноста како сеопфатен принцип кој ги обединува најсуштествените биолошки и психо-социјални обележја на човекот отсуствува.

Дури и во рамки на нашата организација, особено при создавањето на едукативни материјали, речиси секогаш се поставуваат прашањата, како ќе реагираат родителите и наставниците при непосредното информирање на младите за сите аспекти на сексуалноста. Затоа посветуваме многу внимание информациите да бидат во исто време сеопфатни, но да бидат соодветни на потребите на нашата средина. Доследни на нашиот став дека секој има право на пристап до современи и сеопфатни информации и едукација за сексуалност, со што може да донесува слободни одлуки, продолжуваме да нудиме информативни материјали и квалитетни здравствени сервиси и се залагаме за сексуално образование во училиштата.

Тука доаѓаме до сексуалните права, чие признавање и реализирање, во една земја, претставува почитување на сексуалноста на највисоко ниво. Всушност стоиме на ставот дека сите напори за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје без препознавање на сексуалните права се бесполезни и залудни. Свесни сме дека до постигнување на оваа цел во нашата земја нè очекува многу конструктивна работа со нашите владини и граѓански, домашни и интернационални партнери. Но, нè очекува и соочување со многу предрасуди, стереотипи и заблуди.

Затоа се нафативме да ја преведеме на македонски и срдечно да ја препорачаме Сексуални права: Декларација на Меѓународната федерација за планирано родителство. Сметаме дека овој документ, не само што е создаден врз основа на бројни светски искуства, во процес раководен од МФПР - светскиот лидер за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, туку претставува најсовремен и најсеопфатен преглед на сексуалните права во поширокиот контекст на човекови права. Уште повеќе сметаме дека принципите и правата наведени во Декларацијата треба да бидат основа за сите активности за признавање и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје во Македонија.

Веруваме дека ќе ни се придружите и ќе не поддржите во остварувањето на оваа наша мисија заснована на принципот според кој сексуалните права се признаени и важат за сите.

д-р Милена Стевановиќ, Претседател на Х.Е.Р.А.

Историја

Во ноември 2006 година највисокото тело за донесување одлуки во МФПР, Управниот совет, создаде „Панел за сексуални права“ со мандат да раководи и да ја поддржува Федерацијата во изработката на Декларацијата за сексуални права.

Беше предвидено Декларацијата да се базира врз Повелбата за сексуални и репродуктивни права на МФПР, основен документ кој се докажа како многу популарен и кој успешно ја унапреди интеграцијата на човековите права со помош на услугите и активностите на застапување на МФПР. Најновите активности во областа на сексуалните права, кои ги спроведуваше регионот на Западната хемисфера на МФПР, исто така придонесоа за развој на оваа Декларација. Конечно, во мај 2008 година Декларацијата беше презентирана и усвоена од Управниот совет на МФПР.

Во Панелот за сексуалните права беа вклучени возрасни и искусни волонтери на МФПР и персонал од сите шест региони на МФПР, како и признати меѓународни експерти за сексуално и репродуктивно здравје и права од целиот свет.

Членови на панелот беа:

- **Марием Минт Ахмед Аича,**
  член на Управниот совет, Мавританија
- **Хосам Багат,**
  Директор на Египетската иницијатива за лични права, Египет
- **д-р. Кармен Баросо,**
  регионален директор, МФПР/регионална канцеларија за Западната хемисфера
- **Герт-Инге Брандер,**
  член на Управниот совет, Шведска
- **Професор Пол Хант,**
  специјален известувач на ОН за правото на здравје
- **д-р. Алис Милер,**
  Колумбија Универзитет/Правен факултрет Беркли на Универзитетот Калифорнија, САД
- **Мадху Бала Нат,**
  регионален директор, МФПР/Регионална канцеларија за Јужна Америка
- **д-р. Наоми Мапело Себони,**
  член на Управниот совет, Боцвана
- **д-р. Ноно Симелела,**
  директор за технички познавања и поддршка
- **Танг Кун,**
  член на Управниот совет, Кина
- **д-р. Естер Виченте (претседавач),**
  член на Управниот совет, Пуерто Рико
- **д-р. Џил Грир (по службена должност)**
  генерален директор на МФПР
- **д-р. Жаклин Шарп (по службена должност)**
  претседател на МФПР

На својот прв состанок во јануари 2007 година членовите на Панелот се согласија дека подготвувањето на Декларацијата за сексуалните права е од суштинско значење за реализацијата на визијата и мисијата на МФПР. Иако Повелбата на МФПР за сексуалните и репродуктивните права овозможи поставување нови темели во целата Федерација, од 1994 година, кога е издадена Повелбата, се појавија нови проблеми и подрачја и стана јасно дека има потреба да се истражат аспектите на сексуалноста и да се идентификуваат сексуалните права кои претходно беа кревки, игнорирани или беа сметани за двосмислени од многумина. Повелбата придонесе да се зголеми свеста за разликите меѓу сексуалните права и репродуктивните права; оваа свест ја засили потребата за создавање кодекс во праксата особено во областа на сексуалноста. Панелот се согласи дека Декларацијата ќе овозможи подобрување на здравјето и добросостојбата на клиентите на МФПР и ќе придонесе за остварување на Милениумските развојни цели.

Процесот на изработката на Декларацијата за сексуалните права беше, сам по себе, внатрешен инструмент за застапување на Федерацијата. Преку различни ангажмани на национално, регионално и на меѓународно ниво, подготовката на Декларацијата придонесе за подобро разбирање на природата на човековите права од страна на волонтерите и од персоналот на Федерацијата, за природата на човековите права во врска со сексуалноста, како и за разликите и заедничките особини меѓу сексуалните и репродуктивните права. Дискусиите, што се водеа меѓу експертите изнесоа нови сознанија за важноста на сексуалните права за уживањето на највисокиот можен стандард на физичкото и менталното здравје и за односот меѓу сексуалните права и правото на развој, слободата, еднаквоста и достоинството. Овие сознанија се отелотворени во Декларацијата.

Во текот на изработката на Декларацијата постојано се водеше грижа за потребата да се земат предвид културните разлики и религиозната позадина на земјите во различните региони. Членовите на Панелот презентираа различни, а понекогаш и спротивставени, ставови за сексуалните права како човекови права. Во исто време, учесниците ја поздравија можноста отворено да се зборува за прашања поврзани со сексуалноста – вклучително и за културата и религијата, за детскиот брак, за правата на сексуалните работници, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, репродуктивните технологии - прашања со кои Федерацијата се соочува секојдневно на сите нивоа.

Секој регион на МФПР ги истражуваше сексуалните права во контекстот на сопствената историја и на културни искуства. Овие искуства, исто така, дадоа свој придонес во изработката на Декларацијата. Арапскиот свет одржа состанок во мај 2007 година во Рабат на кој се донесе Декларацијата за сексуалните и репродуктивните права. Европската мрежа во јуни 2007 година одржа работилница за геј, лезбејските и трансродовите прашања на која присуствуваа експерти, како на пример европскиот претседател на Меѓународната асоцијација на геј и лезбејки за Европа (ILGA). Нацрт Декларацијата и сексуалните права беа тема на дискусијата на Африканскиот регионален совет, како и на заедничкиот состанок на регионалниот совет на Јужно-Азискиот регион и регионот на Источна и Југоисточна Азија и Океанија. На регионалниот совет на Западната хемисфера учесниците се вклучија во дискусијата со која претседаваше панел на експерти составени од Сонија Кореа, активист за човекови права, Антонио Ромеро, извршен директор на Американската унија за граѓански слободи и Хумберто Аранго од регионалната канцеларија на Западната хемисфера. Како и учесниците на Конференцијата на Арапскиот свет во Рабат, така и делегатите на Западната хемисфера ја усвоија Декларацијата. На секоја регионална средба директорот на МФПР зборуваше за Декларацијата за сексуални права и учествуваше во дискусиите.

Во ноември 2007 година Панелот му ја претстави на Управниот совет нацрт верзијата на Сексуални права: Декларација на МФПР и ги замоли членовите на Управниот совет, персоналот и раководствата на регионалните канцеларии и другите придружни асоцијации да дадат свои коментари, кои беа земени предвид при подготовката на финалниот документ. Декларацијата беше презентирана и усвоена од Управниот совет во мај 2008 година.

Со Декларацијата како скапоцен водич, МФПР се надева дека може да помогне во создавањето на свет во кој, слободата, еднаквоста и достоинството на сите луѓе ќе бидат гарантирани, особено во сферите на нивниот живот поврзани со сексуалноста.

Резиме

Сексуални права: Декларацијата на МФПР се заснова врз основните меѓународни инструменти за човекови права, експертски толкувања на меѓународни стандарди и дополнителни овластувања во врска со човековата сексуалност за кои МФПР верува дека се содржани во нив.

Декларацијата е во согласност со меѓународните договори кои МФПР ги прифаќа. Рамката на Декларацијата веќе е широко прифатена во многу од постојните публикации на МФПР и во нејзините придружни асоцијации и ја одразува мисијата, визијата и вредностите на МФПР. Декларацијата користи информации од наодите и препораките на неколку тела на Обединетите нации и специјалните известувачи на ОН, а особено извештајот од 2004 на Специјалниот известувач за правата на највисокиот можен стандард на здравје. Ова кратко резиме не е наменето да служи како алтернатива на Декларацијата, туку како вовед во различните делови на Декларацијата и на нејзината содржина. Целосната Декларација секогаш треба да го придружува ова кратко резиме за да бидат достапни сите подробности за сексуалните права и за нивната заднина.

Сексуални права: Декларацијата на МФПР содржи три дела:

- **Преамбула** која го воведува концептот на Декларацијата во контекст на мисијата и визијата на МФПР, меѓународните договори и документи поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје и со правата, како и човековите права, а исто така ја потенцира основната намера на рамката за човековите права.
- **Седум водечки начела** кои обезбедуваат една рамка за сите сексуални права вклучени во Декларацијата и кои ќе информираат и ќе обезбедат почитување, заштита и унапредување на сексуалните права во Федерацијата. Сексуалните права спаѓаат во канонот на човековите права кој е и универзален и неделив, и тие се во согласност со принципите на недискриминацијата.
- Последниот дел, **Сексуалните права се човекови права во врска со сексуалноста** ги наведува десетте сексуални права. Овие права се поврзани со правата на сексуалност кои потекнуваат од правата на слобода, еднаквост, приватност, автономија, интегритет и достоинство на сите луѓе.

Иако мора постојано да го имаат предвид значењето на националните и регионалните особености и различните историски, културни и религиозни милјеа, организациите и поединците, кои работат во сите региони на светот, можат да ја вклучат рамката и основните начела на Декларацијата во своите активности, услуги и/или програми. Ова ќе помогне во сите напори за промовирање, одбрана и унапредување на сексуалните права.

Убедени дека овој сеопфатен и интегриран пристап кон сексуалноста и сексуалното здравје, пристап заснован на човековите права, ќе придонесе за реализација на сексуалните права како аспект на глобалната правда, на развојот и на здравјето, ги афирмираме следниве начела:

Начело 1 Сексуалноста е интегрален дел на личноста на секое човечко суштество и затоа мора да се создаде поволна средина во која секој може да ги ужива сите сексуални права како дел од процесот на развојот.

Сексуалноста е интегрален дел на личноста на секое човечко суштество во сите општества. Иако во текот на животот начинот, на којшто поединци ја доживуваат својата сексуалност, се менува согласно со внатрешните и надворешните фактори, човековите права во врска со сексуалноста, нивната заштита и унапредувањето, треба да бидат дел од секојдневното постоење на сите луѓе насекаде. Покрај тоа, сексуалноста треба да се прифати како позитивен аспект на животот. Сексуалните права се универзални човекови права засновани на вродената слобода, достоинството и еднаквоста на сите луѓе.

Во согласност со Повелбата за сексуални и репродуктивни права МФПР потврдува дека личноста има централно место во развојните процеси и го согледува значењето на создавањето на поволна средина во која секоја индивидуа може да ги ужива сите сексуални права за да може да има активна улога во процесите на економскиот, општествениот, културниот и политичкиот развој. Сексуалноста претставува аспект на човековиот и социјалниот живот кој е секогаш поврзан со телото, умот, политиката, здравјето и општеството.

Начело 2 Правата и заштитата, што им се гарантираат на луѓето на возраст под осумнаесет години, се разликуваат од оние што се однесуваат на возрасните и мора да се земат предвид развојните капацитети на детето, како индивидуа, за самостојно уживање на правата.

МФПР смета дека правата и заштитата, што им се гарантира на луѓето под осумнаесет (18) години, според меѓународните и националните закони, понекогаш се разликуваат од правата на возрасните. Овие разлики се однесуваат на сите аспекти на човековите права, но налагаат посебен пристап во однос на сексуалните права. МФПР започнува од премисата дека лицата под осумнаесет (18) години се носители на права и дека во различни моменти од раната возраст, детството и адолесценцијата, некои права и заштита ќе имаат поголемо или помало значење.

Покрај тоа, принципот на развоен капацитет ги комбинира почитувањето на децата, нивното достоинство и правото на заштита од сите видови повреди, а во исто време ја признава вредноста на нивниот придонес во нивната заштита. Општествата мора да создадат услови во кои децата ќе можат да ги постигнат своите оптимални капацитети и во кои поголема почит се дава на нивниот потенцијал за учество, како и за одговорност, во процесот на донесување одлуки во нивниот живот.

Начело 3 Недискриминацијата ја афирмира севкупната заштита и промоција на човековите права.

МФПР потврдува дека рамката за недискриминација ја нагласува севкупната заштита и промоција на човековите права. Оваа рамка за недискриминација забранува секакво разликување, исклучување и ограничување врз основа на пол, возраст, род, родов идентитет, сексуална ориентација, брачна состојба, сексуална историја или однесување, вистинско или припишано, раса, боја, етничка припадност, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, сопственост, раѓање, физичка и ментална попреченост, здравствен статус, вклучувајќи и ХИВ/СИДА, како и граѓански, политички, социјален или друг статус кој има за цел или за последица намалување или негирање на признавањето, уживањето или практикувањето, на еднаква основа со другите, на сите човекови права и основни слободи на политичко, економско, социјално, културно, граѓанско или на кое било друго поле.

Луѓето се соочуваат со различни пречки при уживањето на нивните сексуални права. Суштинската еднаквост налага овие пречки да се отстранат со цел различните индивидуи да ги уживаат основните права и слободи на иста основа со другите. Ова може да наложи посветување особено внимание на маргинализираните и на запоставените групи.

Начело 4 Сексуалноста и задоволството што произлегува од неа, се главни аспекти да се биде човек, без разлика дали одредена личност ќе избере да се репродуцира или не.

Сексуалното здравје се одвива во текот на целиот живот. Сексуалноста претставува интегрален фактор во скоро сите репродуктивни одлуки; но, таа е главен аспект да се биде човек, без разлика дали една личност ќе избере да се репродуцира или не.

Сексуалноста не претставува само средство со кое луѓето ги задоволуваат своите репродуктивни интереси. Правото да се доживува и да се ужива сексуалноста независно од репродукцијата, како и репродукцијата независно од сексуалноста, треба да биде заштитено, посветувајќи им особено внимание на оние луѓе на кои историски, а и во денешно време, им е оневозможено тоа право.

Начело 5 Обезбедувањето сексуални права за сите подразбира посветеност кон слободата и заштитата од повреда.

Правото, да се биде заштитен и да се има средства против сите форми на насилство и повреда, особено се однесува на сексуалните права. Повредите поврзани со сексуалноста вклучуваат насилство и злоупотреба на физичката, вербалната, психолошката, економската и сексуалната

природа, како и насилство врз лица поради нивниот пол, возраст, род, родова припадност, сексуална ориентација, брачен статус, сексуална историја или однесување, вистинско или припишано, сексуални практики или начинот на кој тие ја манифестираат својата сексуалност.

Сите деца и адолесценти се овластени да го уживаат правото на заштита од сите форми на експлоатација. Тука спаѓа и заштитата од сексуална експлоатација, детска проституција и од сите форми на сексуална злоупотреба, од насилство и малтретирање, вклучувајќи и принудување на деца во каква било сексуална активност и сексуална пракса и користење на деца во порнографски изведби и материјали.

Начело 6 Сексуалните права можат да бидат предмет само на оние ограничувања кои се определени со закон со којшто се обезбедува признавање и почитување на правата и слободите на другите лица и општата добросостојба во едно демократско општество.

Согласно правото за човековите права, сексуалните права можат да бидат предмет само на оние ограничувања кои се определени со закон со којшто се обезбедува признавање и почитување на правата и слободите на другите лица и општата добросостојба во едно демократско општество, јавното здравство и јавниот ред. Овие ограничувања мора да бидат недискриминаторски, неопходни и пропорционални со постигнувањето на легитимна цел. Уживањето на сексуалните права мора да се раководи од свеста на динамичкиот однос меѓу личните и општествените интереси, признавањето на постоење на плуралност на визии и потребата да се гарантира еднаквост, достоинство и да се почитување на разликите.

Начело 7 Обврските за почитување, заштита и нивно спроведување се однесуваат на сите сексуални права и слободи.

Сексуалните права и слободи содржат суштински правни барања, и обезбедуваат пристап до средствата за да се исполнат овие барања. Како и кај другите човекови права, државите имаат обврски на три нивоа: да ги почитуваат, заштитуваат и спроведуваат сексуалните права за сите.

Обврската да се „почитуваат“ правата им налага на државите да не се мешаат директно или индиректно во уживањето на одредени права, во случајов, во сексуалните права. Обврската да се „заштитат“ правата им налага на државите да преземаат мерки со кои ќе спречат вмешување од трети страни во гарантираните човекови права. Обврската да се „спроведат“ правата им налага на државите да усвојат соодветни законски, административни, буџетски, судски, промотивни и други мерки за целосна реализација на правата.

Сексуалните права се човекови права во однос на сексуалноста

МФПР потврдува дека сексуалните права се човекови права. Сексуалните права се конституирани од множество овластувања во врска со сексуалноста кои произлегуваат од правата на слобода, еднаквост, приватност, автономија, интегритет и достоинство на сите луѓе. Десетте сексуални права се:

Член 1: Право на еднаквост, еднаква заштита со закон и ослободеност од сите форми на дискриминација врз основа на пол, сексуалност или род.

Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права и мора да уживаат еднаква законска заштита против дискриминација врз основа на сексуалност, пол и род.

Член 2: Правото на учество на сите лица, без разлика на полот, сексуалноста или родот.

Сите луѓе имаат право на средина која овозможува активно, слободно и осмислено учество и придонес во граѓанските, економските, социјалните, културните и политичките аспекти на човековиот живот на локално, национално, регионално и меѓународно ниво, на средина која, развивајќи се, може да ги реализира човековите права и основните слободи.

Член 3: Право на живот, слобода, лична безбедност и телесен интегритет.

Сите луѓе имаат право на живот, слобода и да не бидат подложени на тортура или свиреп, нечовечки и деградирачки третман во сите случаи, а особено поради нивниот пол, возраст, род, родов идентитет, сексуална ориентација, брачен статус, сексуална историја или однесување, вистинско или припишано, како и статус на ХИВ/СИДА и правото да ја уживаат својата сексуалност без страв од насилство или принуда.

Член 4: Право на приватност.

Сите луѓе имаат право да не бидат подложени на противправно вмешување во нивната приватност, семејството, домот, документите или кореспонденцијата и право на приватност кое е основно за уживање на сексуалната автономија.

Член 5: Право на лична автономија и на признавање пред закон.
Сите луѓе имаат право да бидат признати пред законот и имаат право на сексуална слобода, што опфаќа можност лицата да имаат контрола и слободно да одлучуваат за прашања во врска со сексуалноста, да ги бираат своите сексуални партнери, да можат да го искусат својот целосен сексуален потенцијал и задоволството, во рамките на системот на недискриминација и со целосно почитување на правата на другите и на развојните капацитети на децата.

Член 6: Право на слободно размислување, на погледи и на изразување, право на здружување.
Сите луѓе имаат право да слободно да размислуваат, на погледи и на изразување во врска со идеите за сексуалност, сексуална ориентација, родов идентитет и сексуални права, без самоволни упади или ограничувања врз основа на доминантните културни верувања или политичката идеологија и без дискриминаторски ставови на јавниот поредок, јавниот морал, јавното здравство или јавната безбедност.

Член 7: Право на здравје и право на користење на научните достигнувања.
Сите луѓе имаат право да ги уживаат највисоките можни стандарди на физичко и ментално здравје, што ги вклучува основните фактори на здравјето и пристапот до сексуална здравствена грижа за превенција, дијагноза и лекување на сите сексуални грижи, проблеми и нарушувања.

Член 8: Право на образование и информации.
Сите луѓе, без дискриминација, имаат право на образование и на информации општо земено и на сеопфатно сексуално образование и на информации кои се неопходни и корисни за потполно уживање на граѓанскиот статус и за еднаквост во приватниот, јавниот и политичкиот домен.

Член 9: Право на избор за стапување во брак и на засновање и планирање семејство и донесување одлука дали да се има деца, кога и како.
Сите луѓе имаат право на слободен и одговорен начин да одлучат дали ќе стапат или нема да стапат во брак, дали ќе засноваат или нема да засноваат и планираат семејство, да одлучат дали и кога ќе имаат деца и да одлучат за бројот на децата и за периодот на раѓањето од едното до другото дете, во средина во која законите и политиката ја признаваат разноликоста на семејните форми, вклучувајќи ги и оние кои не се дефинирани според потеклото или бракот.

Член 10: Право на отчетност и надомест.
Сите луѓе имаат право на ефективни, адекватни, достапни и соодветни едукативни, законски, судски и други мерки со кои се обезбедува и им се налага на оние кои се службено задолжени да ги поддржуваат сексуалните права, целосно да им даваат отчет. Ова ја вклучува и можноста да се следи спроведувањето на сексуалните права и да се има пристап кон обесштетување при прекршување на сексуалните права, вклучително и пристап до целосен надомест преку реституција, компензација, рехабилитација, задоволување, гаранција за неповторување и други мерки.

Сексуални права: Декларацијата на МФПР обезбедува јасна рамка во која организациите членки можат да ги разберат своите одговорности како обезбедувачи на услугите. Тие ќе бидат подобро опремени при започнувањето или проширувањето на нивната работа за подобрување на пристапот до сите, со што ќе им овозможат на своите клиенти целосно да ги реализираат своите сексуални и репродуктивни права. Декларацијата, исто така, ќе служи како рамка за застапување која ќе ги потсетува државите на нивните одговорности. Особено во подготовките на следната глобална иницијатива за сексуално и репродуктивно здравје и права, застапувањето врз основа на Декларацијата ќе им помогне на владините институции да го разберат ова подобро и да усвојат трајни определби врз основа на поврзаноста меѓу сексуалните права, јавното здравје и развојот.

Сексуални права: Декларација на МФПР

Преамбула

МФПР е посветена на постигнување на своите цели во рамките на еден пристап за човековите права кој ги отелотворува начелата на универзалноста, меѓусебната поврзаност, меѓусебната зависност и неделивоста на сите човекови права. МФПР признава и верува дека сексуалните права се дел од човековите права кои претставуваат еволутивно множество на права поврзани со сексуалноста кои придонесуваат за слободата, еднаквоста и достоинството на сите луѓе.

Сексуални права: Декларацијата на МФПР се заснова на основните меѓународни договори за човекови права и врз други инструменти на авторитативните толкувања на овие меѓународни стандарди и дополнителни овластувања поврзани со човечката сексуалност кои се содржат во нив . Се повикува на документи кои произлегуваат од Светската конференција на Обединетите нации за човекови права од 1993 година; Меѓународната конференција на ОН за население и развој од 1994 година; Четвртата светска конференција на ОН за жените од 1995; Милениумската декларација на ОН и Милениумските развојни цели. Исто така таа црпи информации од наодите и препораките на неколку тела на ОН и на специјалните известувачи на ОН, особено на извештајот за 2004 година до Комисијата за човекови права на Специјалниот известувач за Правото на највисок можен стандард на здравје.

Декларацијата ја надополнува Повелбата на МФПР за сексуалните и репродуктивните права. Таа има за цел експлицитно да ги идентификува сексуалните права и да обезбеди поддршка за една инклузивна визија на сексуалноста. Оваа визија налага почитување, заштитување и унапредување на правата на сексуалната автономија за сите луѓе и промовирање на сексуалното здравје и на правото во рамките на системот на недискриминација.

МФПР верува дека здравјето е основно човеково право неопходно за остварување на сите човекови права[2]. Исто така, верува дека сексуалното и репродуктивното здравје се интегрални елементи на правата на сите луѓе за уживање на највисоки можни стандарди на физичко и ментално здравје[3] . Сексуалното здравје не може да се постигне или да се одржува без сексуални права, иако сексуалните права имаат поширок опфат од здравствени права.

Сексуалните права се однесуваат на специфични норми кои се јавуваат кога постојните човекови права се применуваат на сексуалноста. Овие права гарантираат слобода, еднаквост, приватност, автономија, интегритет и достоинство на сите луѓе; тоа се принципи што се признати во многу меѓународни инструменти кои се особено релевантни за сексуалноста. Сексуалните права нудат пристап кој ја вклучува заштитата на посебните идентитети, но и кој ја надминува. Сексуалните права гарантираат дека сите имаат пристап до условите коишто овозможуваат остварување и изразување на нивната сексуалност без каква било принуда, дискриминација или насилство и во контекст кој го почитува достоинството.

МФПР признава дека сексуалноста претставува централен аспект на тоа да се биде човек во текот на животот и иако сексуалноста може да ги опфати подолу наведените димензии, не се сите од нив доживеани или изразени секогаш. Таа е развоен концепт кој ги опфаќа сексуалната активност, родовите идентитети, сексуалната ориентација, еротизмот, задоволството, интимноста и репродукцијата. Таа е конституирана преку заемно дејство на биолошки, психолошки, социјални, економски, политички, културни, етички, правни, историски, религиозни и духовни фактори. Сексуалноста се доживува и изразува преку мисли, фантазии, желби, верувања, ставови, вредности, однесувања, практики и врски[4] .

На МФПР ѝ е јасно дека многу начини на изразување на сексуалноста не се поврзани со репродукцијата и дека глобалното разбирање на сексуалноста еволуира. Како резултат на тоа МФПР укажува на потребата од посебно идентификување на сексуалните права како права кои не подведуваат под репродуктивни права и репродуктивно здравје[5].

МФПР признава дека посветеноста за обезбедување услови за сексуалните права ја надополнува нејзината поширока посветеност за локална и глобална битка за правичен пристап до ресурси, за мир и за еден универзален, социјален и меѓународен поредок во кој достоинството, правата и слободите на сите луѓе можат целосно да се реализираат. Во рамките на опсегот на правото на развој исполнувањето на сексуалните права е суштинско за индивидуата како субјект, како активен учесник и како корисник на процесите на економскиот, општествениот, културниот и политичкиот развој во кој сите човекови права и основни слободи можат целосно да се реализираат.

МФПР верува дека клучен аспект во создавањето на услови за уживање на правата лежи во развивањето на отчетни структури. Овие структури не треба само да обезбедуваат индивидуални решенија и надомест, туку исто така да се впуштаат во предизвикување на механизмите на моќта, на нивната практика и знаење кои поттикнуваат непочитување на сексуалните права. МФПР укажува дека ова има одраз во испораката на услугите и во напорите за застапување.

Затоа МФПР ги поттикнува своите организации членки да ја користат Декларацијата како водич во интеграцијата на своите заложби за почитување, заштита и унапредување на сексуалните права во своите активности и да ги засилат и подобрат своите тековни политики, стратегии и програми.

Декларацијата претставува рамка за разбирање на примената на основните човекови права во однос на сексуалноста. Сите членки на Федерацијата можат да ја вградат оваа рамка и нејзините основни начела во своите активности, услуги и програми за да се усогласат со одговорностите за промовирање и одбрана на сексуалните права, а со цел да се засилат и подобрат постојните политики и стратегии.

МФПР е посветена на една визија за универзални, неотуѓиви и неделиви човекови права, вклучувајќи ги и сексуалните права. Но таа сепак признава дека околностите во самите земји можат да влијаат на времето, начинот и степенот на имплементација на начелата и правата што се вклучени во Декларацијата. За препознавање на ваквите ситуации и на нивно решавање ќе треба да се активираат посебни процеси[6].

Сексуални права: Декларацијата на МФПР беше усвоена од страна на Управниот совет на МФПР на 10 мај 2008 година.

Општи начела

МФПР очекува дека сите организации членки ќе бидат посветени на мисијата, визијата и вредностите на Федерацијата, вклучувајќи ги и начелата што се во основа на оваа Декларација. Со овие начела мораат да се унапредат програмите и стратегиите кои ги креираат членките на Федерацијата за заштита, промовирање и исполнување на сексуалните права коишто се наведени во оваа Декларација во делот со наслов **Сексуалните права се човекови права во однос на сексуалноста**.

Начело 1

Сексуалноста е интегрален дел на личноста на секое човечко суштество. Затоа мора да се создаде поволна средина во која секој може да ги ужива сите сексуални права како дел од процесот на развојот.

Сексуалноста претставува интегрален дел од личноста на секое човечко суштество во сите општества. Иако луѓето ја доживуваат својата сексуалност на начини, кои варираат според внатрешните и надворешните фактори, човековите права поврзани со сексуалноста, нивната заштита и промоција треба да бидат дел од секојдневното постоење на секој поединец каде и да е. Сексуалните права се универзални човекови права засновани на вродената слобода, достоинството и еднаквоста на сите човечки суштества[7].

Сиромаштијата е и причина и последица, како на влошено сексуално здравје, така и на нееднаквости и исклучувања врз основа на сексуалност. Во програмите мора да се земе предвид поврзаноста меѓу сиромаштијата и овие прашања, препознавајќи ја нејзината улога во уживањето и негирањето на човековите права, а особено нејзиното влијание врз сексуалните права.

Правичноста[8], нееднаквоста[9], родовата неправичност[10], родовата нееднаквост[11] и лошата здравствена состојба мора да бидат опфатени при спроведувањето на секој развоен проект, програма или рамка какви што се оние што се засноваат на Милениумските развојни цели. Остварувањето на Милениумските развојни цели, како што се: подобрување на здравјето на мајката, намалување на стапката на смртноста кај децата, промовирање на еднаквоста меѓу родовите и борбата против ХИВ и СИДА, помеѓу другите цели, зависат директно од обезбедување на широк пристап до сексуално-здравствените услуги и од заштитата на сексуалните права.

Во согласност со Повелбата за сексуални и репродуктивни права МФПР потврдува дека личноста има централно место во развојот и го согледува значењето на создавањето на поволна средина во која секоја индивидуа може да ги ужива сите сексуални права за да може да има активна улога во процесите на економскиот, општествениот, културниот и политичкиот

развој. Сексуалноста претставува еден аспект на човековиот и на социјалниот живот кој е секогаш поврзан со телото, умот, политиката, здравјето и општеството.

Сексуалните права имаат влијание врз она што е идеолошко и политичко, како и врз она што е лично и субјективно. Сексуалните права вклучуваат експресивни, асоцијативни и партиципаторни елементи и се длабоко поврзани со телесниот интегритет и суверенитетот на личноста. При признавањето и залагањето за гарантирање на сексуалните права МФПР потврдува дека почитувањето, заштитата и исполнувањето на овие права бара грижа за сите овие домени и елементи кои, пак, се дел од историски процеси кои функционираат низ активностите на поединецот на приватен и јавен план.

Начело 2

Правата и заштитата, што им се гарантираат на луѓето на возраст под осумнаесет години се разликуваат, од оние што се однесуваат на возрасните и мора да се земаат предвид развојните капацитети на детето, како индивидуа, за самостојно уживање на правата.

МФПР подразбира дека правата и заштитата што им се гарантираат на луѓето под осумнаесет (18) години, според меѓународните и националните закони, понекогаш се разликуваат од правата на возрасните. Овие разлики се однесуваат на сите аспекти на човековите права, но налагаат посебен пристап во однос на сексуалните права. МФПР започнува од премисата дека лицата под осумнаесет (18) години се носители на права и дека во различни моменти од раната возраст, детството и адолесценцијата, некои права и вид на заштита ќе имаат поголемо или помало значење.

Во член 5 од Конвенцијата за правата на детето[12] е наведено дека насочувањето и водењето што го спроведуваат родителите или други лица кои се одговорни за детето, мора да ги земаат предвид капацитетите на детето за да ги ужива правата самостојно. Концептот за развоен капацитет кај децата бара рамнотежа меѓу признавањето на децата како активни чинители во сопствените животи со правото да бидат почитувани како граѓани, како луѓе и како носители на права со сé поголема автономија во својот развој, истовремено укажувајќи дека тие имаат право на заштита поради нивната ранливост. Концептот укажува дека нивоата на заштита при учество во активности, кои на децата можат да им наштетат, ќе се намалуваат во согласност со нивниот развоен капацитет.

Покрај тоа, принципот на развоен капацитет ги комбинира почитувањето на децата, нивното достоинство и правото на заштита од сите видови повреди, а во исто време ја признава вредноста на нивниот придонес во својата заштита. Општествата мора да создадат услови во кои децата ќе можат да ги постигнуваат своите оптимални капацитети и во кои поголема почит се дава на нивниот потенцијал за учество, како и за одговорност, во процесот на донесувањето одлуки во нивниот живот.

Неколку клучни начела владеат во односот меѓу правата на децата и другите интереси. Меѓу нив се: гледиштето на поединци под 18 години како носители на права;[13] застапувањето на најдобрите интереси на детето;[14] развојниот капацитет на детето;[15] недискриминацијата;[16] и одговорноста да се обезбедат услови за напредок[17].

Во контекстот на сексуалните права овие начела бараат индивидуализиран пристап кој ги зема предвид покажувањето на зрелост и различните околности, како што се посебните сфаќања на детето или адолесцентот, неговите активности, физичкиот или менталниот здравствен статус, врската со родителите или другите заинтересирани страни, односите на моќ меѓу вклучените страни и природата на прашањето што се разгледува.

Начело 3

Недискриминацијата ја афирмира севкупната заштита и промоција на човековите права.

МФПР подразбира дека рамката за недискриминација ја афирмира севкупната заштита и промоција на човековите права[18]. Оваа рамка за недискриминација забранува секакво разликување, исклучување или ограничување врз основа на пол[19], возраст[20], род[21], родов идентитет[22], сексуална ориентација[23], брачна состојба, сексуална историја или однесување, вистинско или припишано, раса, боја, етничка припадност, јазик, религија, политичко или друго мислење,

национално, географско или социјално потекло, сопственост, раѓање, физичка или ментална попреченост, здравствен статус вклучувајќи го и ХИВ статусот, како и граѓански, политички, социјален и друг статус, кој има како цел или учинок намалување или негирање на признавањето, уживањето или практикувањето на еднаква основа со другите, на сите човекови права и основни слободи во политичкото, економското, социјалното, културното, граѓанското или кое било друго поле[24].

Дискриминацијата во областа на сексуалните права може да се манифестира низ нееднаков пристап до културните, економските, политичките и социјалните права поради пол, возраст, род, родов идентитет, сексуална ориентација, брачен статус, сексуална историја или однесување, вистинско или припишано, сексуални практики или сексуална ориентација и негирање на сексуалните права како, на пример, правото на сексуално-здравствени услуги, правото на сеопфатно сексуално образование и правото на надомест заради сексуално насилство кои го попречуваат поединецот во уживањето на правата на еднаква основа со другите лица.

Индивидуите доживуваат различни пречки при уживањето на нивните сексуални права. Суштинската еднаквост налага овие пречки да се отстранат со цел различните поединци да ги уживаат основните права и слободи на иста основа со другите. За ова може да се посвети особено внимание на маргинализираните и запоставените групи.

Начело 4

Сексуалноста и задоволството, што произлегува од неа, се главни аспекти на тоа да се биде човек, без разлика дали одредена личност ќе избере да се репродуцира или не.

Сексуалното здравје се одвива во текот на целиот живот. Сексуалноста претставува интегрален фактор во речиси сите репродуктивни одлуки, но таа претставува и централен аспект на тоа да се биде човек, без разлика дали една личност ќе избере да се репродуцира или не.

Сексуалноста не претставува само средство со кое луѓето ги задоволуваат своите репродуктивни интереси. Треба да биде заштитено правото да се доживува и ужива во сексуалноста независно од репродукцијата и во репродукцијата независно од сексуалноста, посветувајќи особено внимание на оние луѓе на кои историски, а и во денешно време, им е оневозможено тоа право.

Сите луѓе имаат право на услови кои овозможуваат сексуалност со уживање[25]. Уживањето е засновано врз индивидуалната и заемната автономија за која мора да се осигура постоење на државни политики за сексуално образование, здравствени услуги, слобода од присила и насилство, како и развој на етиката за прашањата на правдата, еднаквоста и слободата. Со оглед на тоа дека уживањето претставува есенцијален аспект на сексуалноста, никому не смее да му биде порекнато правото да го бара, изразува и да одлучува кога да го доживее.

Начело 5

Обезбедувањето сексуални права за сите подразбира посветеност кон слободата и заштитата од повреда.

Правото да се биде заштитен и да се има средства против сите форми на насилство и повреда, е во темелот на сексуалните права[26]. Повредите поврзани со сексуалноста вклучуваат насилство и злоупотреба на физичката, вербалната, психолошката, економската и сексуалната природа, како и насилство врз лица поради нивниот пол, возраста, родот, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, брачниот статус, сексуалната историја или однесување, вистинско или припишано, сексуалните практики или начинот на кој тие ја манифестирааат својата сексуалност.

Сите деца и адолесценти[27] се овластени да го уживаат правото на заштита од сите форми на експлоатација. Тука спаѓа и заштитата од сексуална експлоатација, детска проституција и од сите форми на сексуална злоупотреба, од насилство и малтретирање, вклучувајќи го и принудувањето на деца во каква било сексуална активност или сексуална практика и користење на деца во порнографски изведби и материјали.

Начело 6

Сексуалните права можат да бидат подложени само на оние ограничувања кои се определени со закон заради признавање и почитување на правата и слободите на другите лица и на општата добросостојба во едно демократско општество.

Сексуалните права, како и другите човекови права можат да бидат подложени само на оние ограничувања, кои се определени со закон, со цел да се обезбеди признавањето и почитувањето на правата и слободите на другите и општата добросостојба во едно демократско општество, на јавното здравје и јавниот ред, согласно правото за човековите права. Овие ограничувања мора да бидат недискриминаторски, неопходни и пропорционални со постигнувањето на легитимната цел. Уживањето на сексуалните права мора да се раководи од свеста за динамичкиот однос меѓу личните и општествените интереси, признавањето на постоење на плуралност на визии и потребата да се гарантира еднаквост, достоинство и почитување на разликите[30].

Начело 7

Обврските за почитување, заштита и нивно спроведување се однесуваат на сите сексуалните права и слободи.

Сексуалните права и слободи содржат суштински правни барања, како и пристап до средствата за да се исполнат овие барања[31]. Како и кај другите човекови права, државите имаат обврски на три нивоа: да ги почитуваат, заштитуваат и спроведуваат сексуалните права на сите[32].

Обврската да се *почитуваат* правата им налага на државите да не се мешаат директно или индиректно во уживањето на одредени права, во случајов во сексуалните права. Обврската да се *заштитуваат* правата им налага на државите да преземаат мерки со кои ќе спречат вмешувања од трети страни во гарантираните човекови права. Обврската да се *спроведуваат* правата им налага на државите да усвојат соодветни законски, административни, буџетски, судски, промотивни и други мерки за целосна реализација на правата[33].

Иако државите се примарни носители на обврската за почитување, заштита и спроведување на човековите права во своите држави, исто така, треба да се сметаат за одговорни и други чинители во граѓанското општество, чии дејствија и пропусти имаат влијание врз уживањето на сексуалните права. Тука можат да се вклучат други држави, прекугранични институции и програми кои функционираат преку давање на помош и унапредување на развојот, безбедносни структури или други ентитети, како и граѓански, комерцијални, непрофитни и религиозни тела и поединци.

Токму затоа, државите не смеат да ги прекршуваат, или на друг начин да се мешаат во сексуалните права на поединците, треба да ги заштитуваат овие права од прекршување и вмешување на трети страни и да преземаат позитивни чекори и мерки, вклучувајќи и изградба на ефективни, партиципативни и отчетни институции и да распределуваат средства за реализација на сексуалните права.

МФПР е посветена во рамките на своите можности, да ги поттикне и да им помогне на сите организации членки да имаат улога во почитувањето, заштитата и спроведувањето на сексуалните права, кои се подолу наведени, и да преземаат активности за застапување преку кои, државите и другите чинители, ќе ги почитуваат, заштитуваат и спроведуваат овие права во сите домени на нивните законски, административни, буџетски и други политики и практики.

Сексуалните права се човекови права во однос на сексуалноста

МФПР потврдува дека сексуалните права се човекови права. Сексуалните права се конституирани од множество овластувања во однос на сексуалноста кои произлегуваат од правата на слобода, еднаквост, приватност, автономија, интегритет и достоинство на сите луѓе.

Многу меѓународни инструменти, норми и стандарди посочуваат на значајни начела во врска со сексуалноста. Сексуалните права се специфични норми кои се појавуваат кога постојните човекови права се применуваат на сексуалноста. Сексуалните права ги заштитуваат посебните идентитети, но досегаат и отаде нив и го заштитуваат правото на сите луѓе да им се дозволи да ја исполнат и изразат својата сексуалност со достојна почит кон правата на другите во рамките на системот на недискриминација.

Овие сексуални права ги применуваат основните и добро воспоставените начела за човекови права во сферата на човековата сексуалност. Нивната примена има особено значење за сиромашните, маргинализираните, социјално исклучените и запоставените, без оглед дали овие карактеристики се историски или од поново време.

Со оглед дека МФПР се залага за универзалност, меѓусебна поврзаност, меѓусебна зависност и неделивост на сите човекови права, редоследот по кој овие сексуални права се наведени во оваа Декларација не имплицира постоење на некаква хиерархија. Имплементацијата на следните членови треба да биде дополнета со општите начела кои се претходно наведени.

Член 1

Право на еднаквост, еднаква законска заштита и ослободеност од сите форми на дискриминација врз основа на пол, сексуалност или род.

- Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права[34],и мора да уживаат еднаква законска заштита[35] против дискриминација врз основа на сексуалност, пол или род[36].
- За сите луѓе мора да се обезбеди средина во која ќе можат да ги уживаат и да имаат еднаков пристап до целосните права што ги дозволува државата. Државите и граѓанското општество мора да преземаат чекори за промовирање промени во општествените и културните практики засновани врз стереотипни улоги на жените и мажите или врз идејата за супериорност или инфериорност на половите, родовите или родовите изразувања.
- Сите луѓе имаат право на работа, образование, здравје, социјална сигурност и други економски, социјални и културни права, како и на институции, добра, услуги и услови кои се неопходни за нивно реализирање, без дискриминација врз која било основа.
- За сите луѓе треба да се обезбедат правни капацитети и исти можности за користење на тие капацитети, еднакви права да склучуваат договори и да управуваат со имот и да бидат рамноправно третирани во сите фази на постапките пред судот или трибуналот, со должна почит кон развојниот капацитет на детето.
- Сите луѓе треба да ги имаат истите права во однос на законот за движењето на луѓето и во однос на слободата на избор на нивното престојувалиште или живеалиште, без дискриминација.

Член 2

Право на учество на сите лица, без разлика на полот, сексуалноста или родот.

- Сите луѓе имаат право на средина која овозможува активно, слободно и осмислено учество и придонес во граѓанските, економските, социјалните, културните и политичките аспекти на човековиот живот на локално, национално, регионално и меѓународно ниво, на средина која, развивајќи се, може да ги реализира човековите права и основни слободи[37].
- Сите луѓе имаат право да учествуваат во развојот и спроведувањето на политиките кои ја одредуваат нивната добросостојба[38], вклучувајќи го и нивното сексуално и репродуктивно здравје, без формални или неформални пречки, како што се брачните квалификации, состојбите поврзани со ХИВ статус[39], или дискриминаторните родови норми, стереотипи и предрасуди кои го исклучуваат или ограничуваат учеството на лицата врз основа на идеите за род или сексуална припадност.
- Младите луѓе, кои често се исклучени, исто така, имаат право да бидат учесници и протагонисти во процесите на промена во нивните општества. Тие треба да имаат осмислени начини да придонесуваат, но и треба да ја споделуваат одговорноста за развојот на политиките и програмите за заштита, промовирање и исполнување на сексуалното и репродуктивно здравје и права[40].
- Сите луѓе треба да можат да учествуваат во јавниот и политичкиот живот, вклучително и водењето на државни служби и изведување на сите јавни функции без дискриминација по која било основа.
- Како основа за учество, сите лица треба да го уживаат правото на слободно движење, да заминуваат и да се враќаат во својата земја, како и да имаат еднаков пристап до документи кои им овозможуваат такво движење и патување без дискриминација[41].

Член 3

Право на живот, слобода, лична безбедност и телесен интегритет.

- Сите луѓе имаат право на живот, слобода[42] и да не бидат подложени на тортура или свиреп, нечовечки и деградирачки третман[43] во сите случаи, а особено во случај на која било од забранетите основи за дискриминација, и треба да имаат право да ја уживаат својата сексуалност без насилство или принуда.
- Сите луѓе имаат право на живот и телесен интегритет[44]. Овие права не смеат да се загрозуваат или да се ставаат во опасност за да се „одмазди честа“ на семејство[45].
- Ниедно лице не смее да биде осудено на смрт врз основа на судска или вонсудска пресуда, да биде дисциплински казнето по судски или вонсудски пат заради својата сексуална историја или однесување, родов идентитет или изразување[46].
- Животот или здравјето на ниедна жена не смее да се става во опасност како последица на одбивање на медицински третман, поради каква било физичка или ментална состојба, или врз основа на тоа што други одлучуваат за вредноста на фетусот што таа може да го носи во себе.
- Ниедна жена не смее да биде осудена на присилно мајчинство како резултат на нејзиното практикување на сексуалноста.
- Сите луѓе имаат право да бидат ослободени од штетни традиционални практики, вклучувајќи ги и гениталното осакатување на жените и насилното или прераното стапување во брак[47].
- Сите луѓе имаат право да не бидат подложени на насилство, вклучувајќи ги сите облици на физичка, вербална, психолошка или економска злоупотреба, сексуално малтретирање или сексуално насилство, силување и каков било друг облик на принуден секс во или вон бракот, при вооружен конфликт или во притвор.
- Сите луѓе, вклучувајќи ги и сексуалните работници од сите родови[48] или во случаи на вистинска или претпоставена сексуална активност вон брачната заедница, имаат право да бидат ослободени од ризикот од насилство предизвикан со стигма или дискриминација врз основа на нивниот пол,

сексуалност или род.

- Никој не смее да биде подложен на самоволно притворање, ниту подложен на противправна или дискриминаторска санкција заради прекршување на непрецизни или лошо дефинирани кривични одредби за доброволен секс[49].
- Сексуалниот избор, практиките или изразувањата, вклучувајќи ги вистинските или припишаните практики на сексуална работа, не можат да бидат оправдување, изговор или основа за одмерување на казната за насилство, злоупотреба или малтретирање на кое било лице[50].
- Сите мигранти и вработени мигранти, особено младите, жените и транс-родовите мигранти во земјите, во кои работат и живеат, мора да имаат пристап до средства за заштита од телесна повреда, насилство и злоупотреба врз основа на нивното сексуално и родово изразување, како и до средствата за заштита и остварување на нивното сексуално здравје и права.
- Сите лица имаат право да бараат и да уживаат азил од прогон, вклучувајќи го прогонот од државата или од непреземање соодветни мерки за заштита на некое лице од сериозна злоупотреба[51], врз основа на пол, род, родов идентитет, сексуална историја или однесување, или сексуална ориентација или ХИВ статус[52].
- Сите луѓе мора да бидат ослободени од преместување, екстрадицирање протерување или закана од која било земја, каде што можат да се соочат со основан страв од прогон врз основа на пол, род, родов идентитет, сексуална историја или однесување, или сексуална ориентација или ХИВ статус[53].

Член 4

Право на приватност.

- Сите луѓе имаат право да не бидат подложени на противправно вмешување во нивната приватност, семејството, домот, документите или кресподенцијата[54] и имаат право на приватност кое е суштинско за уживање на сексуалната автономија.
- Сите луѓе имаат право на сексуална автономија и право да донесуваат одлуки за својата сексуалност, сексуалното однесување и интимноста без противправно вмешување.
- Сите луѓе имаат право на доверливост во однос на сексуално-здравстените услуги и грижи, медицинската евиденција и, воопшто, на заштита на информациите за нивниот ХИВ статус и да бидат заштитени од противправно откривање или закани за противправно откривање на информации, во рамките на дозволените ограничувања и без дискриминација[55].
- Сите луѓе имаат право да го контролираат откривањето на информациите во врска со нивниот сексуален избор, сексуалната историја, сексуалните партнери и сексуалното однесување и други прашања поврзани со сексуалноста.

Член 5

Право на лична автономија и на признавање пред закон.

- Сите луѓе имаат право да бидат признаени пред законот и да имаат право на сексуална слобода, што опфаќа можност индивидуите да имаат контрола и слободно да одлучуваат за прашања во врска со сексуалноста, да ги бираат своите сексуални партнери, да бараат да го доживеат својот целосен сексуален потенцијал и задоволство, во рамките на системот на недискриминација, со целосно почитување на правата на другите и на развојните капацитети на децата.
- Сите луѓе имаат право на признавање како субјекти пред законот без дискриминација врз каква било основа.
- Сите луѓе имаат слобода на практикување на индивидуални и заемни сексуални активности, и тоа во средина со обезбедени социјални, политички и економски услови во кои сите права и слободи можат да се реализираат подеднакво од сите, без дискриминација, насилство, присилба и злоупотреба.
- Ниедно лице не смее да биде подложено на закони кои противправно ги криминализираат доброволните сексуални односи и практики, ниту смее да биде предмет на апсење и лишување од слобода врз основа на пол, сексуалност или род, или поради доброволна сексуална практика или однесување.
- Сите луѓе во притвор имаат право да не бидат подложени на злоупотреба или ризик од повреда врз основа на некои од забранетите основи за дискриминација. Сите луѓе во притвор имаат право на заштита од маргинализација[56] и право на редовни приватни посети од сопружник[57].
- Сите луѓе имаат право на слобода од повреди

поврзани со кривичното дело трговија со луѓе[58].

- Никој не смее да биде подложен на недоброволно медицинско истражување или постапка, принуден да подлегне на медицинско тестирање или противправно медицинско притворање врз основа на заштитено сексуално изразување, сексуална ориентација, сексуална историја или однесување, вистинско или припишано, или родов идентитет или изразување.
- Никое лице не смее да биде принудено на медицински постапки, вклучувајќи хируршка интервенција за менување на полот, стерилизација или хормонална терапија, како услов за легално признавање на родовиот идентитет или да биде подложено на притисок за да ги скрие, потисне или негира својот пол, возраста, родот или родовиот идентитет или сексуалната ориентација.
- На никое лице не смее да му се оспорат документите за идентификација во кои се наведени неговиот/нејзиниот род или пол, кои го одразуваат самоопределениот родов идентитет на лицето, вклучувајќи, но не и ограничувајќи ги: изводите на родени, пасошите и податоците поврзани со избирачкото право.

Член 6

Право на слободно размислување, на погледи и на изразување, право на здружување.

- Сите лица имаат право на слободно размислување, на погледи и на изразување во врска со идеите за сексуалност, сексуална ориентација, родов идентитет и сексуални права без самоволни упади или ограничувања врз основа на доминантни културни верувања или политичка идеологија и без дискриминаторни ставови на јавниот поредок, јавниот морал, јавното здравство или јавната безбедност[59].
- Сите лица имаат право на слобода на мисла, на совест и на религија[60], вклучувајќи го и правото на сопствено уверување без вмешувања од страна на други во рамките на системот на недискриминација и почитување на еволутивниот капацитет на децата.
- Сите лица имаат право да ја истражуваат својата сексуалност, да имаат соништа и фантазии без страв, срам, вина, лажни верувања и други пречки за слободно изразување на своите желби, со целосно почитување на правата на другите.
- Сите лица, а особено жените, имаат право на изразување на идентитетот или личноста низ говор, однесување, облекување, телесни карактеристики, избор на име и други средства без ограничување[61].
- Сите лица имаат слобода да бараат, добиваат и даваат информации и идеи во однос на човековите права, сексуалните права, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и сексуалноста преку легалните медиуми независно од границите, во рамките на системот на недискриминација и земајќи ги предвид правата на другите и развојниот капацитет на децата.
- Сите лица имаат право на слободно и мирно собирање и здружување[62] во разновидни групации. Ова го вклучува и правото на формирање, приклучување и создавање групи и организации и правото на развој, на размена, на кампања и на давање информации и идеи за прашања поврзани со човековите права, сексуалните права, сексуалноста, сексуалната ориентација и родовиот идентитет преку кој било медиум во рамките на општествениот поредок во кој правата и слободите на сите можат целосно да се реализираат.

Член 7

Право на здравје и на користење на научните достигнувања.

- Сите лица имаат право да ги уживаат највисоките можни стандарди на физичко и ментално здравје[63] што ги вклучува основните фактори на здравјето[64] и на пристап до сексуална здравствена грижа за превенција, дијагноза и лекување на сите сексуални грижи, проблеми и нарушувања.
- Сите лица имаат право да инсистираат на безбеден секс за превенција од несакана бременост и сексуално преносливи инфекции, вклучувајќи ХИВ и СИДА.
- Сите лица имаат право да учествуваат во донесувањето на закони, политики, програми и услуги, коишто се однесуваат на јавното здравство во нивните заедници.
- Сите здравствени интервенции мораат да бидат обsирни кон посебните потреби на маргинализираните лица и заедници.

- Сите лица мораат да имаат пристап до здравствена заштита и услуги, независно од приговорот на совеста на обезбедувачите на здравствените услуги[65].
- Сите лица имаат право на пристап до информации за сексуалните права, сексуалната ориентација, сексуалноста и родовиот идентитет во однос на здравјето и право на пристап до најдобрите можни услуги засновани на докази и научно докажани истражувања.
- Сите лица, вклучувајќи ги и сексуалните работници, имаат право на безбедни работни услови, на пристап до здравствени услуги и на поддршка и на заштита кои се потребни за да можат да инсистираат на безбедни сексуални активности со сите партнери и клиенти.
- Сите лица што се наоѓаат во вооружен конфликт или се присилно раселени, треба да имаат пристап до сеопфатни сексуални и репродуктивни здравствени услуги.
- Сите лица, имаат право да ги уживаат придобивките од научниот напредок и од неговата примена врз сексуалните права и сексуалното здравје[66].
- Сите лица треба да имаат право и средства за пристап до репродуктивно-здравствени технологии, услуги или медицински интервенции, или да право да ги одбијат, врз еднаква основа со другите и без дискриминација. Ограничувањата врз основа на возраст во однос на ова право мора да го задоволат условот за недискриминација и начелото на развоен капацитет на децата.
- Сите лица треба да имаат право и средства да се согласат или да не се согласат да учествуваат во научни истражувања на еднаква основа со другите, без дискриминација.

Член 8

Право на образование и информации.

- Сите лица општо земено, без дискриминација, имаат право на образование и информации на сеопфатно сексуално образование и информации кои се неопходни и корисни за потполно уживање на граѓанскиот статус и за еднаквост во приватниот, јавниот и политичкиот домен.
- Сите лица имаат право на образование за елиминирање на стигмата и дискриминацијата, промовирајќи го развојот на младите луѓе, како информирани учесници, кои ја преземаат одговорноста за своите животи со што им се овозможува да учествуваат во определувањето на политиките за сексуалното здравје и сексуалното образование[67].
- Сите лица, а особено младите, имаат право да дадат свој придонес во програмите за сексуално образование и политиките поврзани со сексуалноста.
- Сите луѓе имаат право на средства за развој на вештини за воспоставување и изградување на поцврсти и поправични врски.
- Сите луѓе, без оглед на националните граници, треба да имаат пристап до нетрадиционални и традиционални информации во сите медиуми кои ја унапредуваат сексуалноста, сексуалните права и сексуалното здравје; особено младите луѓе треба да имаат пристап до информации за сексуалноста, за родово-неконформистичкиот живот и за сексуалните односи.
- На сите лица треба да им се обезбеди пристап до информации за сексуалноста на разбирлив јазик (од заедницата, училиштето, обезбедувачите на здравствени услуги), вклучувајќи и информации за средствата потребни за обезбедување на сексуалното и репродуктивното здравје и за процесот на донесување одлуки за тоа кога, како и со кого да се има секс и кога сексуалното однесување ќе стане репродуктивно[68].
- Сите лица имаат право на такво сексуално образование и информации кои ќе обезбедат сите донесени одлуки што се во врска со нивниот сексуален или репродуктивен живот, да се носат со целосна, слободна и информирана согласност.

Член 9

Право на избор за стапување во брак и на засновање и планирање семејство, и на одлука дали да се има деца, кога и како.

- Сите лица имаат право на слободен и одговорен начин да одлучат дали ќе стапат или нема да стапат во брак, дали ќе засноваат или нема да засноваат и планираат семејство, да одлучат дали и кога ќе имаат деца и да одлучат за бројот на децата и периодот на раѓањето од едното до другото дете, во средина во која законите и политиката ја признаваат разновидноста на семејните форми, вклучувајќи ги и оние кои не се дефинирани според потеклото или бракот[70].

- Сите лица имаат право слободно и со целосна согласност да стапат во брак или во други партнерски аранжмани, што треба да им бидат достапни на сите во рамките на системот недискриминација и со полна почит кон развојниот капацитет на децата.
- Сите лица имаат право на семејна социјална заштита и на други јавни бенефиции, како што се оние во однос на вработувањето и емигрирањето, независно од обликот на семејство што тие избрале да го засноваат, вклучувајќи ги и оние семејства кои не се засновани на потекло или брак.
- Сите лица имаат право на пристап до информации, образование и средства, што им се потребни, за да можат да одлучат дали и кога да имаат деца и слободно и одговорно да одлучат за бројот на децата и интервалот меѓу нивните раѓања[71].
- Сите лица имаат право да прават слободен и одговорен избор во однос на репродукцијата и создавањето на семејството, вклучувајќи го и правото да одлучат дали да имаат или да немаат свои биолошки или посвоени деца, како и право на безбедни, ефикасни, прифатливи и пристапни методи за регулирање на плодноста, репродуктивни технологии и третмани.
- Сите лица имаат право на советување и на други услуги поврзани со репродукцијата, неплодноста или со прекинот на бременоста, без оглед на брачниот статус, а во рамките на системот на недискриминација и земајќи го предвид развојниот капацитет на децата.
- Сите жени имаат право на информации, образование и услуги неопходни за заштита на репродуктивното здравје, безбедното мајчинство и безбедниот абортус, кои се пристапни, поволни, прифатливи, и соодветни за сите корисници.
- Сите лица треба да имаат исти права и одговорности во однос на старателството, доверителството и посвојувањето на деца, или соодветни институции, каде што овие концепти постојат во националното законодавство во рамките на системот на недискриминација; во сите случаи треба да надвладува најдобриот интерес на децата.

Член 10

Право на отчетност и надомест

- Сите лица имаат право на ефективни, адекватни, достапни и соодветни едукативни, законски, судски и други мерки со кои се обезбедува и им се налага на оние, кои се службено задолжени да ги поддржуваат сексуалните права, целосно да им даваат отчет за тоа. Ова ја вклучува и можноста да се следи спроведувањето на сексуалните права, и да се има пристап до обесштетување за прекршување на сексуалните права како што се пристап до целосен надомест преку реституција, компензација, рехабилитација, задоволување, гаранција за неповторување или други мерки[72].
- Државите треба да воспостават механизми за отчетност за да обезбедат нивните обврски, поврзани со гарантирањето на сексуалните права, целосно да се почитуваат.
- Сите луѓе треба да имаат право на пристап до ефикасни механизми за отчетност и надомест во текот на вооружен конфликт, особено во однос на сексуално или родово насилство.
- Сите луѓе треба да имаат пристап до информации и помош за да можат да обезбедат правен лек и надомест за прекршување на нивните сексуални права.
- Сите луѓе имаат право да ги сметаат за одговорни недржавните чинители, чии дејствија или пропусти влијаат врз уживањето на сексуалните права. Ова ја вклучува и можноста да се бара обесштетување и надомест за прекршување на нивните сексуални права.
- Државите треба да преземаат чекори со цел да спречат трети страни да ги прекршуваат сексуалните права на другите.

МФПР е посветена да стори сé во рамките на своите можности, вклучувајќи и обезбедување на техничка помош, јакнење на капацитети и финансиска помош за да ги поттикне организациите членки да се залагаат за одбрана на сексуалните права, да обезбедат недискриминаторни сексуално-здравствени услуги за клиентите, да обезбедат информации и сеопфатно сексуално образование; и својот персонал и учесниците во своите програми и проекти да го третираат во согласност со начелата и сексуалните права вградени во оваа Декларација.

Библиографија и забелешки

Овие забелешки ги идентификуваат изворите на начелата и правата што ги наведува МФПР во проектот Сексуалните права: Декларација на МФПР

Изворите ги вклучуваат основните инструменти и авторитативните толкувања на меѓународните стандарди во меѓународните инструменти за човекови права. Исто така, вклучуваме референци кои обезбедуваат поддршка на дополнителните права за кои МФПР верува дека се имплицитни во основните меѓународни стандарди. Овие извори вклучуваат закони и политики на национални влади и образложенија на академици во областа на човековите права, адвокати и процеси преземени од организациите членки на МФПР.

- Целосниот текст на Повелбата за сексуалните и репродуктивните права од 1995 може да се најде на сајтот: http://www.МФПР.org/en/Resources/Statements/МФПР+Charter+on+Sexual+and+Reproductive+Rights.htm
- Целосните текстови на многу меѓународни стандарди и извештаи на телата за човекови права при Обединетите нации можат да се најдат на сајтот на канцеларијата на Високиот комесар за човекови права при Обединетите нации: http://www.ohchr.org
- За целосна дискусија за сексуалните права и сексуалното здравје на Светската здравствена организација, види: http://www.who.int/reproductive-health/gender/sexualhealth.html#4
- Целосниот текст на Начелата од Јогјакарта: Начела за спроведување на правото за меѓународни човекови права во однос на сексуалната ориентација и родовиот идентитет (Начела од Јогјакарта) (2007) може да се најде на сајтот: http://www.yogyakartaprinciples.org

1 **Меѓународен канон за човекови права:**
Универзална декларација за човекови права (UDHR)
Меѓународен пакт за граѓански и политички права (ICCPR) и два Дополнителни протокола
Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (ICESCR)
Основни меѓународни инструменти за човекови права и нивни тела за мониторинг:
Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (ICERD) - Тело за мониторинг: Комитет за елиминација на расната дискриминација (CERD)
Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW) - Тело за мониторинг: CEDAW и негов Дополнителен протокол
Конвенција против тортура и други форми на насилен, нечовечен или деградирачки третман (CAT) - Тело за мониторинг: CAT и неговиот Дополнителен протокол
Конвенција за правата на детето (CRC) и два Дополнителни протокола
Тело за мониторинг - CRC
Меѓународна конвенција за заштита на правата на сите работници емигранти и членови на нивните семејства (CMW)
Тело за мониторинг: CMW
Конвенција за правата на лицата со посебни потреби (дата на стапување во сила: 3 мај 2008)
Меѓународна конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување (до мај 2008 сеуште не е во сила)
Покрај основните акти за човекови права постојат и неколку меѓународни инструменти за човекови права кои, иако не се правно обврзни, претставуваат неспорна морална сила и обезбедуваат практични инструкции за земјите во однос на нивното однесување. Во нив спаѓаат:
Виенска декларација за програмата за акција
Милениумска декларација на Обединетите нации
Декларација за елиминација на насилството врз жените на Обединетите нации
Декларација за правото на развој на Обединетите нации
Конвенција за согласност за стапување во брак, минимална возраст за стапување во брак и евиденција на браковите
Декларација за посветеност на проблемот ХИВ/СИДА

2 Комитетот на CESCR изјави дека правото на здравје содржи слободи кои го вклучуваат правото на одлука за сопственото здравје и за телото, вклучувајќи ја и сексуалната и репродуктивната слобода. Committee on Economic, Social and Cultural Rights: General Comment 14: "The right to the highest attainable standard of health". UN Document E/C.12/2000/4 11 August 2000.

3 Report of the Special Rapporteur on the Right to Health to the 60th Session of the Commission on Human Rights, UN Document E/CN.4/2004/49 (2004) at para 9.

4 Сексуалноста е сместена на крстопатот меѓу социјалното и индивидуалното и произлегува од динамичката интеракција меѓу социјалните, економските, политичките и културните структури на локално, национално и меѓународно ниво. Оваа динамика ги информира сите луѓе за чувството дека тие и другите имаат сексуални права.

5 Report of the Special Rapporteur on the Right to Health, E/CN.4/2004/49 (2004) at para. 55.

6 Процесот за признавање на ваквите ситуации ќе биде сличен на оној што се користеше во случајот кога оранизациите членки применуваа помалку од сите цели во Стратешката рамка поради посебните причини поврзани со состојбата во нивните земји, вклучувајќи го и законот. Анализата на ситуацијата во земјата ќе се спроведува од страна на организација членка и ќе биде документирана. Ќе се потпише договор помеѓу Регионалниот директор или Регионалниот извршен комитет и членката.

7 Види P. Ilkkaracan и S. Jolly, Gender and Sexuality: Overview Report (BRIDGE: Institute for Development Studies, 2007) на: http://www.bridge.ids.ac.uk/reports_gend_CEP.html#Sexuality

8 Правичноста претставува чесност и праведност во распределбата на бенефициите и одговорностите. Концептот за родова правичност признава дека жените и мажите имаат различни потреби и различна моќ и дека овие разлики треба да се идентификуваат и да се адресираат на начин кој ја исправа нерамнотежата меѓу половите.

9 Еднаквоста претставува отсуство на дискриминација во можностите, во распределбата на ресурсите, на придобивките или на пристапот до услугите.

10 Родовата правичност се однесува на ситуации каде потребите на мажите и на жените се различни, а ресурсите и вниманието во праксата треба да биде пропорционално на тие потреби; треба да се обезбедат еднакви можности; а ако е

неопходно треба да се обезбеди различен третман и внимание за да се гарантира еднаквост на резултатите и исходите и да се исправат историските и социјалните неправди искусени од жените.

11 Родовата еднаквост се однесува на мерливо еднакво претставување на жените и на мажите. Родовата еднаквост не значи дека жените и мажите се исти, туку дека имаат иста вредност и треба да им се даде ист третман. Родовата еднаквост се однесува на способноста на жените и на мажите: да имаат еднаков удел во распределбата на моќта и на влијанието; да имаат еднакви можности, права и обврски во јавната и приватната сфера, вклучувајќи ја и работата и создавањето приход; да имаат ист пристап до можностите за квалитетно образование и градење капацитети; да имаат еднаква можност за развој на својот полн потенцијал; да имаат еднаков пристап до ресурсите и услугите во рамките на семејството, на заедницата и на општеството во целина; и да бидат еднакво третирани во законите и политиките. Родовата еднаквост не значи дека жените и мажите се исти, туку дека нивните права, одговорности и можности не зависат од нивниот пол.

12 **Конвенција за правата на детето,** член 5: Државите членки ги почитуваат одговорноста, правата и должностите на родителите или, ако е таков случајот, на членовите на поширокото семејство или на заедницата, како што е предвидено со локалните обичаи, законските старатели или другите лица законски одговорни за детето, на начин које е во согласност со развојот на способностите на детето, да го обезбедуваат, упатуваат и да го насочуваат детето за остварување на неговите права кои се признати во оваа Конвенција.
http://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_language_version.pdf

13 **Конвенцијата за правата на детето** ги смета децата под 18 години за носители на права. Според важечката примена на меѓународните закони, поимот „дете" го означува секое човечко суштество на возраст под осумнаесет години.
Конвенција за правата на детето, член 1: За целите на оваа Конвенција детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години од животот, доколку врз основа на законот, кој се однесува на детето, полнолетство не се добива порано.

14 **Конвенција за правата на детето,** член 3: (1) Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи или законодавните тела. (2). Државите членки се обврзуваат на детето да му обезбедат таква заштита и грижа кои се неопходни за неговата благосостојба, земајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законските старатели или на други поединци кои се правно одговорни за детето и за таа цел ги преземаат сите потребни законски мерки. (3). Државите членки се грижат сите институции, служби и установи, кои се одговорни за грижа и заштита на децата, да бидат во согласност со стандардите што ги имаат утврдено надлежните органи, особено во областа на сигурноста и здравјето, бројот и достојноста на персоналот, како и на стручниот надзор.

15 **Конвенција за правата на детето,** член 5: Државите членки ги почитуваат одговорноста, правата и должностите на родителите или, ако е таков случајот, на членовите на поширокото семејство или на заедницата, како што е предвидено со локалните обичаи, законските старатели или другите лица законски одговорни за детето, на начин кој е во согласност со развојот на способностите на детето, да го обезбедуваат, упатуваат и да го насочуваат детето за остварување на неговите права кои се признати во оваа Конвенција.

16 **Конвенција за правата на детето,** член 2(1): Државите членки на оваа Конвенција ги почитуваат и ги обезбедуваат правата содржани во Конвенцијата за секое дете под нивна јуриздикција без каква било дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законскиот старател.

17 **Конвенција за правата на детето,** член 6(2): Државите членки го овозможуваат во најголема можна мера опстанокот и развојот на детето.

18 Недискриминаторната рамка се однесува на сите референци на дискриминација во овој документ.

19 Полот се однесува на биолошките карактеристики кои ги определуваат човечките суштества како женски или машки. Иако овие биолошки карактеристики не се исклучуваат меѓу себе, бидејќи постојат поединци кои ги имаат и двете, тие ги разликуваат човечките суштества како мажи и жени.

20 Види начело 2, на оваа Декларација. Дискриминацијата врз основа на возраст еднакво се однесува и на постари лица.
Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 2(2): Државите-членки на овој пакт се обврзуваат дека, во согласност со својата уставна постапка и со одредбите на овој пакт, ќе преземаат чекори што ќе овозможат усвојување на такви законски или други мерки кои ќе овозможат да се остваруваат правата признати со овој пакт, а кои не се предвидени со постојното законодавство.

http://newbalkanpolitics.org.mk/OldSite/hrrc/text/O%20N/megjunaroden%20pakt%20za%20pol%20i%20gragj.htm

21 Родот се однесува на социјалните, културните и економските атрибути и можности поврзани со фактот да се биде маж или жена во одредено време.

22 Родовиот идентитет се однесува на внатрешната свест за себе на една личност за тоа дека е маж или жена; мажествена или женствена.

23 Сексуалната ориентација се однесува на примарното сексуално привлекување кон истиот, спротивниот или кон обата пола.

24 Примери на толкување на меѓународното право во однос на недискриминацијата на сите полиња, како на намерни, така и на „фактички" дискриминаторни дејства во однос на раса, пол и родови аспекти поврзани со расна дискриминација, види Human Rights Committee, General Comment No.18 on: "Non-discrimination" UN Doc. HRI/GEN/1/Rev.6 at 146, 2003.
Исто така, види, Committee on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination's General Recommendation 25 on "Gender-related dimensions of racial discrimination," UN Doc A/55/18, 2000.

25 CLADEM Manifesto (2nd version, Campaign for a Convention on sexual rights and reproductive rights October 2006) at p. 26. http://www.convencion.org.uy.

26 Дамнешна и влијателна одлука на регионален суд во однос на посебната заштита против сексуални повреди, види: Европски суд за човекови права, X AND Y v. Netherlands, 26 март 1985.

27 **Конвенција за правата на детето,** член 34: Државите членки се обврзуваат да го заштитуваат детето од сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба. За таа цел државите членки особено ги преземаат сите соодветни мерки за спречување: а) на наведување или присилување на детето да учествува во незаконските сексуални активности; б) на експлоататорско користење на децата во проституција или во други незаконски дејства; в) на експлоататорско користење на децата во порнографски претстави и списанија.

28 **Универзална декларација за човекови права,** член 29(1): Секој има должности кон заедницата во која единствено е возможен слободниот и целосениот развој на неговата личност. (2). При користењето на своите права и слободи секој човек ќе подлежи само на такви ограничувања, какви што се определени со законот, со единствена цел да се осигура должното признавање и почитување на правата и слободите на другите и со цел да се задоволат предметните барања во врска со моралот, јавниот ред и општата благостојба во едно демократско општество. (3). Овие права и слободи во ниту еден случај не можат да бидат користени на начин што е спротивен на целите и принципите на Обединетите нации. http://www.ohchr.org/EN/UDHR/Documents/UDHR_Translations/mkj.pdf

29 **Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права,** член 12:
(1).Државите членки од овој пакт го признаваат правото на секое лице за најдобро физичко и ментално здравје што може да се постигне. (2). Мерките, што ќе ги преземаат државите членки на овој пакт, со цел за обезбедување целосно остварување на ова право, треба да ги опфатат мерките што треба да обезбедат: а) намалување на бројот на мртвородените деца и смртноста на децата, како и здрав развиток на детето; б) подобрување на сите видови хигиена на средината и на индустриската хигиена; в) профилаксија и лекување на епидемични, ендемични, професионални и други заболувања, како и борба против овие болести; г) создавање услови за обезбедување лекарски услуги и помош за сите во случај на болест. http://newbalkanpolitics.org.mk/OldSite/hrrc/text/O%20N/ekonomsk%20socijalni.htm
Исто така види, Committee on Economic, Social and Cultural Rights, General Comment 14: "The right to the highest attainable standard of health", UN Document E/C.12/2000/4 11 August 2000, at paras. 28-29.

30 Мора да се работи на промена на оние ограничувања утврдени со закон кои не се во согласност со целите и легитимните смерници изразени во ова начело. Види: CLADEM Manifesto (2nd version, Campaign for a Convention on sexual rights and reproductive rights October 2006), at p. 33. http://www.convencion.org.uy

31 The Human Rights Based Approach to Development Cooperation: Towards a Common Understanding Among UN Agencies at: www.undp.org/governance/docs/HR_Guides_CommonUnderstanding.pdf

32 Концептите за „почитување, заштита и спроведување" се усвоени од страна на Комитетот за економски, социјални и културни права, тело кое го следи спроведувањето на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, како начин за анализирање на обврските на земјите членки согласно пактот, а во врска со правото на здравје, покрај другите права. Committee on Economic Social and Cultural Rights (CESCR) General Comment No. 14, paras. 34-37.

33 Види, CESCR General Comment No. 14, para. 39

34 **Универзална декларација за човекови права,** 1948, член 1: Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права.

35 **Меѓународен пакт за граѓански и политички права,** член 2 (1): Државите членки на овој пакт се обврзуваат да ги почитуваат и да им ги гарантираат на сите лица, што се наоѓаат на нивна територија и кои потпаѓаат под нивна надлежност, правата признати од овој пакт, без оглед особено на расата, бојата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго мислење, националното или социјалното потекло, имотната состојба, раѓањето или секоја друга околност.
Член 3: Државите членки на овој пакт се обврзуваат да им обезбедат подеднакво право на мажите и на жените да ги уживаат сите граѓански и политички права изнесени во овој пакт.
Член 26: Сите лица се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на подеднаква заштита пред законот. Во таа смисла, законот мора да ја забранува секоја дискриминација и да им осигура на сите лица подеднаква и успешна заштита против секоја дискриминација, особено во поглед на расата, бојата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, имотната состојба, раѓањето, или каква било друга состојба. Комитетот за човекови права ги толкува и ги применува овие одредби и на дискриминацијата заснована врз полот. Види Комитет за човекови права, Општ коментар, бр. 18 „Недискриминација", UN Doc. HRI/GEN/1/Rev.6 at 146, 2003.
Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените, 1979, член 1: Во поглед на целите на оваа конвенција, изразот „дискриминација на жените", ја означува секоја разлика, исклучување или ограничување во однос на полот, што има за последица или цел за да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или вршењето од страна на жените на човековите права и основните слободи на политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или на друго поле, без оглед на нивната брачна состојба, врз основа на рамноправност на мажите и жените.
http://newbalkanpolitics.org.mk/OldSite/hrrc/text/O%20N/diskriminacija%20zeni.htm
Види, Committee on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination's General Recommendation 25, UN Doc A/55/18, 2000.
Исто така, види, UN Economic and Social Council's Background Paper for the World Conference against Racism, E/CN.4/1999/WG.1/BP.7 (1999) кој ги разгледува врските меѓу расната дискриминација и сексуално насочената дискриминација.
Конвенција за правата на детето, 1989, член 2 (1): „Државите членки ќе ги почитуваат и обезбедуваат правата наведени во оваа Конвенција за секое дете во својата јурисдикција без никаква дискриминација, без оглед на расата, бојата полот, јазикот, религијата, политичките или други ставови, националното, етничкото или социјалното потекло, сопственоста, инвалидитетот, раѓањето или друг статус на детето, неговите родители или правни старатели." (2) „Земјите членки ќе ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат детето да биде заштитено против сите форми на дискриминација или против казна врз основа на статус, активности, искажано мислење или верување на родителите, старателите на детето или на членовите на неговото семејство."
Конвенција за правата на лица со посебни потреби, член 1, 2, 3 и 4; како и посебната забрана на дискриминација во член 5: Еднаквост и недискриминација: 1. Земјите членки потврдуваат дека сите луѓе се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на еднаква заштита и еднаква корист од законот. 2. Земјите членки ќе забранат секаква дискриминација врз основа на онеспособеност и ќе им гарантираат на лицата со посебни потреби еднаква и ефикасна правна заштита против дискриминација по сите основи.
Исто така, види член 2 од **Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби** каде се дефинира „дискриминација врз основа на инвалидност" како разликување, исклучување и ограничување врз основа на инвалидност кои имаат за цел или за последица да го намалат или поништат признавањето, уживањето или примената, врз иста основа како кај другите, на сите човекови права и основни слободи на политичко, економско, социјално, културно, граѓанско или друго поле. Тука спаѓаат сите форми на дискриминација, вклучувајќи го и необезбедувањето на разумно сместување.

36 Посебните извори на превенција од дискриминацијата врз основа на сексуалност и сексуална ориентација можат да се најдат во одлуката на Комитетот за човекови права на неговата Петта седница Toonen v. Australia. Communication No. 488/1992, U.N. Doc CCPR/C/50/D/488/1992 (1994); http://hrw.org/lgbt/pdf/toonen.pdf. и последователната комуникација и заклучни коментари за земјите од Комитетот за човекови права.
Исто така, види I. Saiz, "Bracketing Sexuality: Human Rights and Sexual Orientation—A Decade of Development at the UN", 7 (2) Health and Human Rights Quarterly, 49-80, 2004.
За жените, на кои им се оспорува правото на еднаквост и во поглед за верувањата за нивната сексуалност, види Комитет за човекови права, General Comment No. 28 on the interpretation and reach of Article 3 of the ICCPR: "Equality of rights between men and women", UN Doc. CCPR/C/21/Rev.1/Add.10 (2000).

37 United Nations, Statement of Common Understanding: The Human Rights Based Approach to Development Cooperation - Towards a Common Understanding Among the UN Agencies. UN Inter-Agency Workshop, May, 2003.

38 Види, на пример, Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминацијата против жените, член 7: Државите членки ги преземаат сите погодни мерки за отстранување на дискриминацијата на жените во политичкиот и јавниот живот на земјата, а особено се должни да го обезбедат, под еднакви услови како и на мажите, правото на жените: а) да гласаат на сите избори и јавни референдуми и да бидат избирани во сите тела што се избираат по пат на јавни избори; б) да учествуваат во креирањето и спроведувањето на владината политика и да заземаат раководни положби и да ги вршат сите јавни функции на сите нивоа на власт; в) да учествуваат во работата на невладините организации и здруженија што се занимаваат со јавниот и политичкиот живот во земјата.
Ова е натаму разработено од Комитетот на CEDAW, General Recommendation 23 on "Political and Public Life" at its 16th Session in 1997.
Исто така види Yogyakarta Principle 25: The Right to Participate in Public Life- Yogyakarta Principles on the Application of International Human Rights Law in relation to Sexual Orientation and Gender Identity.
http://www.yogyakartaprinciples.org

39 International Guidelines on HIV-AIDS and Human Rights (2006 consolidated version).Office of the High Commissioner for Human Rights and UNAIDS
http://www.ohchr.org/english/issues/hiv/guidelines.htm

40 Види, Committee on the Convention on the Rights of the Child's General Comment 4 "Adolescent health and development in the context of the Convention on the Rights of the Child" (2003) para 8: Respect for the views of the child: The right to express views freely and have them duly taken into account (art. 12) is also fundamental in realizing adolescents' right to health and development. States parties need to ensure that adolescents are given a genuine chance to express their views freely on all matters affecting them, especially within the family, in school, and in their communities. In order for adolescents to be able safely and properly to exercise this right, public authorities, parents and other adults working with or for children need to create an environment based on trust, information sharing, the capacity to listen and sound guidance that is conducive for adolescents' participating equally including in decision-making processes.

41 Во контекст на сексуалната дискриминација и мобилност, види Human Rights Committee's General Comment 28 on "Equality of rights between men and women".
Исто така, види Yogyakarta Principle 22 on the Right to Freedom of Movement, како и International Guidelines on HIV-AIDS and Human Rights of 2006.

42 **Меѓународен пакт за граѓански и политички права,** 1966, член 9(1): Секој поединец има право на слобода и на безбедност на својата личност. Никој не може да биде произволно уапсен или притворен. Никој не може да биде лишен од слобода, освен од причина и за согласност со постапка што е предвидена со закон.

43 **Меѓународен пакт за граѓански и политички права,** 1966, член 7: Никој не може да биде подложен на мачење или на свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки. Особено е забрането некое лице да се подложи на медицински или на научен експеримент без негова слободна согласност.
Комитетот против тортура ја примени заштитата од тортура или од свирепо, нечовечко и деградирачко постапување и од сексуалното насилство врз жени во затворите во САД. Conclusions and Recommendations of the Committee against Torture: United States of America. 2000; UN Doc. A/55/44, paras.175-180, 2000.
Комитетот, исто така, примени заштита од тортура или свирепо, нечовечко и деградирачко постапување и кај злоупотребените претреси со соблекување и во други практики кои се применуваат кај хомосексуалци или кај лица со неодреден родов идентитет.
Специјалниот известувач против тортура, исто така, изрази длабока загриженост за примена на сексуално насилство, како и тортура и свиреп, нехуман и деградирачки третман врз лица поради нивниот сексуален и родов идентитет. Види, International Court of Justice Reference Guide pages 106-122. UN Doc. EICN.4/2002/76.

44 Правото на телесен интегритет сé повеќе се користи за опфаќање на гаранциите коишто се потребни за заштита на сите лица, а особено на жените, против насилство и друга злоупотреба која доведува до нарушување на здравјето, суверенитетот и слободата поради примена на тортура.
Види, United Nations Fourth World Conference on Women's Platform for Action (FWCW), Beijing, China: 4-15 September 1995, at para. 112.
Исто така, види UN Secretary-General's In-depth Study on All Forms of Violence against Women with regard to its focus on rights to bodily integrity. UN DOC. A162/122/Add., at para. 277.

45 UN General Assembly Resolution A/Res/S-23/3, para. 69 on the Outcome of the Five-year Review of the Implementation of the

Beijing Declaration and Platform for Action at:
http://www.un.org/womenwatch/daw/followup/ress233e.pdf

46 Види Report of the Special Representative of the Secretary-General on the Situation of Human Rights Defenders, E/CN.4/2006/95/Add.1, March 22, 2006; Special Rapporteur on violence against Women, its causes and consequences; E/CN.4/2005/72/Add. 3, February 10, 2005, para. 21; Human Rights Committee, Concluding observations: Chile, CCPR/C/79/Add.104, March 30, 1999, para. 20; Report of the Special Rapporteur on extrajudicial executions, E/CN.4/2002/74, January 9, 2002; Report of the Special Rapporteur on extrajudicial, summary or arbitrary executions, E/CN.4/2001/9, January 11, 2001 and E/CN.4/2001/9/Add.1, January 17, 2001, para. 175.
Исто така, види, International Commission of Jurists, Sexual Orientation and Gender Identity in Human Rights Law, References to Jurisprudence and Doctrine of the United Nations Human Rights System, October 2007, at:
http://www.icj.org/news.php3?id_article=4209&lang=en

47 Прашањето јасно се рефлектира во меѓународното право за човекови права, види на пример: Commission on the Status of Women Resolution 51/2 on Ending Female Genital Mutilation and Resolution 51/3 on Forced Marriage of the Girl Child UN Doc. E/2007/27-E/CN.6/2007/9; Report of the Special Rapporteur on Violence Against Women: "Cultural practices in the family that are violent towards women" E/CN.4/2002/83 31 January 2002.

48 International Guidelines on HIV-AIDS and Human Rights, 2006 consolidated version, Office of the UN High Commissioner for Human Rights and UNAIDS.
at: http://www.ohchr.org/english/issues/hiv/guidelines.htm
Исто така, види "Sex workers in Europe Manifesto" and the "Declaration of the Rights of Sex Workers in Europe",
http://www.sexworkeurope.org/site/index.php?option=com_content&task=view&id=24&Itemid=201

49 Види International Guidelines on HIV-AIDS and Human Rights, 2006 consolidated version, Office of the High Commissioner for Human Rights and UNAIDS at: http://www.ohchr.org/english/issues/hiv/guidelines.htm
Исто така, види, Yogyakarta Principle 7.

50 Види, Yogyakarta Principle 5.

51 Commission on Human Rights resolution 1998/52, "The elimination of violence against women", ESCOR Supp. (No. 3) at 171, UN Doc. E/CN.4/1998/52 (1998); Report of the Special Rapporteur on Violence against Women, its Causes and Consequences, Ms. Radhika Coomaraswamy, submitted in accordance with Commission on Human Rights resolution 1997/44. UN Doc E/CN.4/1998/54
За коментари за родово заснованиот прогон на хомосексуалци и лица со неодреден род (трансвестити, транссексуалци) и за азил, види: Report of the Special Rapporteur on extrajudicial executions, E/CN.4/2002/74, January 9, 2002; Report of the Special Rapporteur on extrajudicial, summary or arbitrary executions, E/CN.4/2001/9, January 11, 2001 and E/CN.4/2001/9/Add.1, January 17, 2001, para. 175.
Исто така, види International Commission of Jurists in: Sexual Orientation and Gender Identity in Human Rights Law, References to Jurisprudence and Doctrine of the United Nations Human Rights System, October 2007, pp 177-180; at:
http://www.icj.org/news.php3?id_article=4209&lang=en

52 The United Nations High Commissioner for Refugees (UNHCR), Guidelines on Preventing and Responding to Sexual Violence against Refugees, 1995. www.unhcr.org/publ/PUBL/3b9cc26c4.pdf
Исто така, види, Yogyakarta Principle 23.

53 The United Nations High Commissioner for Refugees (UNHCR), Guidelines on Preventing and Responding to Sexual Violence against Refugees, 1995. www.unhcr.org/publ/PUBL/3b9cc26c4.pdf
Исто така, види, the United Nations High Commissioner for Refugees (UNHCR) Sexual and Gender-Based Violence against Refugees, Returnees and Internally Displaced Persons: Guidelines for Prevention and Response (2003) and Yogyakarta Principle 23.

54 **Меѓународен пакт за граѓански и политички права,** член 17: Никој не може да биде предмет на самоволни или незаконити мешања во неговиот приватен живот, во неговото семејство, во неговиот стан или во неговата преписка, ниту на незаконити повреди нанесени на неговата чест или на неговиот углед.

55 Види WHO, "HIV Status Disclosure to Sexual Partners: Rates, Barriers and Outcomes for Women" (Geneva: WHO, 2004).http://www.who.int/gender/documents/en/VCTinformationsheet_%5b92%20KB%5d.pdf
Целосен извештај на: http://www.who.int/gender/documents/en/genderdimensions.pdf

56 Yogyakarta Principle 9.

57 Yogyakarta Principle 9.

58 UN Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime at: http://www.unodc.org/unodc/en/crime_cicp_convention.html#final

59 Yogyakarta Principle 19.

60 **Универзална декларација за човекови права,** 1948, член 19: Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.

61 Yogyakarta Principle 19.

62 **Универзална декларација за човекови права,** член 20: Секој има право на слобода на мирни собири и здружување. (2). Никој не може да биде принуден да членува во некое здружение.

63 **Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права,** член 12 (1): Државите членки од овој пакт го признаваат правото на секое лице за најдобро физичко и ментално здравје што може да се постигне.

64 Committee on Economic, Social and Cultural Rights' General Comment 14: The right to the highest attainable standard of health (article 12 of the International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights, 2000).

65 IPPF Charter on Sexual and Reproductive Rights at: http://www.ippf.org/en/Resources/Statements/IPPF+Charter+on+Sexual+and+Reproductive+Rights.htm. Исто така, види, Yogyakarta Principle 21.

66 **Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права,** член 15 (1): б) Државите членки на овој пакт секому му го признаваат правото..... да се користи со достигањата на науката и со нивната примена.

67 **Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените,** член 10 (x) Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки заради отстранување на дискриминацијата на жените за да им обезбедат еднакви права со мажите, во поглед на образованието, а посебно да обезбедат рамноправност на мажите и жените: ...(x) достапност на посебните информации од областа на образованието, заради давање помош во обезбедувањето на здравјето и благосостојбата на семејството, вклучувајќи ги информациите и советите за планирањето на семејството.

68 Види, International Conference on Population and Development, Key Actions for the further Implementation of the Programme of Action of the International Conference on Population and Development, UN Doc. A/Res/S-21/2, para. 73:

> Governments, with the full involvement of young people and with the support of the international community, should, as a priority, make every effort to implement the Programme of Action in regard to adolescent sexual and reproductive health, in accordance with paragraphs 7.45 and 7.46 of the Programme of Action, and should… With due respect for the rights, duties and responsibilities of parents and in a manner consistent with the evolving capacities of the adolescent and their right to reproductive health education, information and care, and respecting their cultural values and religious beliefs, ensure that adolescents, both in and out of school, receive the necessary information, including information on prevention, education, counselling and health services to enable them to make responsible and informed choices and decisions regarding their sexual and reproductive health needs, in order, inter alia, to reduce the number of adolescent pregnancies.
> www.unfpa.org/icpd/docs/icpd5/resolution/icpd5_eng.pdf

69 IPPF Charter on Sexual and Reproductive Rights, 8.1 at: http://www.ippf.org/en/Resources/Statements/IPPF+Charter+on+Sexual+and+Reproductive+Rights.htm

70 Yogyakarta Principle 24

71 Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жената, член 16(е). Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки заради отстранување на дискриминацијата на жените во сите прашања што се однесуваат на бракот и семејните односи, а особено обезбедуваат, врз основа на рамноправноста на мажите и жените..... (е) еднакви права слободно и одговорно да одлучуваат за планирањето на семејството, како и да имаат пристап до информациите, образованието и средствата што ќе им овозможат да се користат со овие права.

72 Yogyakarta Principle 28, 29.

„ ...сметаме дека принципите и правата наведени во Декларацијата треба да бидат основа за сите активности за признавање и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје во Македонија.“

д-р Милена Стевановиќ, Претседател на Х.Е.Р.А.

FED_SRIDeclaration_EN_ART_lekturiran tekst.indd 30 12.06.2009 12:56:43

„ Најчесто оспоруваните и долго време запоставуваните, сексуалните права, го заслужуваат нашето внимание и приоритет. Време е да ги почитуваме. Време е да се изборите за нив. “

Жаклин Шарп, Претседател на МФПР

FED_SRIDeclaration_EN_ART_lekturiran tekst.indd 31 12.06.2009 12:56:44

Сексуални права: Декларација на МФПР

Универзални, меѓусебно поврзани, меѓусебно зависни и неделливи, сексуалните права се дел од човековите права. Тие се збир на права кои постојано се развиваат и придонесуваат за слободата, еднаквоста и достоинството на сите луѓе.

Сексуални права: декларација на МФПР го изработи панел во кој беа вклучени реномирани меѓународни експерти за сексуално и репродуктивно здравје, а се заснова врз основните меѓународни договори за човекови права и други инструменти. Тоа е дополнение на Повелбата на МФПР за сексуални и репродуктивни права и има за цел експлицитно да ги определи сексуалните права и да ја поддржи инклузивната визија за сексуалноста.

Декларацијата е скапоцена алатка која претставува поддршка на работата на сите организации, активисти, истражувачи, креатори на политики и лица кои донесуваат одлуки вклучени во промовирање и обезбедување на човекови права. Со заедничка работа ќе можеме да ја остариме нашата заедничка визија за свет во кој се почитуваат, заштитуваат и унапредуваат правата за сите луѓе.

Печатено во октомври 2008,
Меѓународна федерација за планирано родителство

IPPF
4 Newhams Row
London SE1 3UZ
United Kingdom

Тел.: +44 (0)20 7939 8200
Факс: +44 (0)20 7939 8300

email info@ippf.org
web www.ippf.org

На македонски јазик издадено во јуни 2009 од Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Х.Е.Р.А.
Даме Груев 1 - 3/15
1000 Скопје

Тел.: 02/3290395
Факс: 02/3290395

email hera@hera.org.mk
web www.hera.org.mk

FED_SRIDeclaration_EN_ART_lekturiran tekst.indd 32 12.06.2009 12:56:48